Д-р Ана Томовска

# Вклученоста на родителите во образованието

Вклученоста на родителите во училиштата е прашање што станува се позначајно кога се разгледува функционирањето на училиштата. Се позачестени се гледиштата дека вклученоста на родителите во училишниот живот е поврзана со успехот на учениците како и со доброто функционирање и ефективноста на училиштата. Ова е особено важно во земјите коишто поминуваат низ трансформација на образовните системи, а особено за децата од ранливите и маргинализираните групи (Gunnarsson et.al., 2004). Преку вклучувањето на родителите во училишниот живот се постигнуваат повеќе значајни цели. Како прво се унапредува социјализацијата на децата и се истакнува вредноста на образованието, со што децата повеќе го ценат образованието. Исто така преку вклучувањето во училишниот живот родителите стекнуваат одреден степен на социјална контрола во училиштето и преку контактите што ги развиваат со вработените и другите родители. На крај, преку вклученоста во училишниот живот родителите имаат поголема достапност до информации и можност за побрзо реагирање доколку нивното дете се соочува со било каков проблем (Turney & Kao, 2009).

Ова прашање во светот добива се поголемо внимание и се побројни се истражувањата на оваа тема. Се развиваат различни модели за подобрување на вклучувањето на родители од различни групи во училишниот живот, како на пример Американците со Афричко потекло (Koonce & Harper, 2005) при што се истакнува вредноста на развивањето на капацитетите на училиштата како и на капацитетите на родителите за взаемна комуникација. Исто така проучуван е ефектот и на комуникациските вештини на наставниот кадар, при што во едно истражување се покажало дека комуникациските вештини на наставниот кадар, нивната мотивација и начините на комуникација со родителите се особено значајни за вклучувањето на родителите во училишниот живот и постигањата на децата (Pang & Watkins, 2000). Се развиваат различни програми кои би требало да дадат практични сознанија и резултати во насока на подобрување на вклучувањето на родителите во училишниот живот преку системски и

училишни активности (Azzam, 2009). Уште еден начин за подобрување на партиципацијата е преку вклучување на луѓе со различно искуство и од различни сектори за да се подобрат капацитетите на училиштата и да се развијат програми за подобро вклучување на родителите во училишниот живот, при што се нагласува улогата на менувањето на сфаќањето за родителската мотивираност и компетентност за партиципирање и потребата на родителите да се гледа како на партнери, а не извор на проблеми (Tett, 2001).

Сепак ваквиот концепт сепак е сеуште нов за Република Македонија и за целиот регион на Југоисточна Европа. Обиди за формирање на вакви партнерства финансиски потпомогнати од УСАИД и реализирани од страна на Catholic Relief Services (CRS) се реализирани во повеќе земји од Југоисточна Европа. Истражувањето на CRS во врска со програмата покажува дека вклученоста на родителите во образованието е нов концепт и за училиштата и за родителите (CRS, 2006). Како таков потребно е да се развива врз основа на сознанија од сите засегнати страни за да се дојде до прифатлив модел на родителско-училишни партнерства.

Токму затоа Институтот Отворено Општество преку Education Support Program (ESP) ја реализираше иницијативата „Advancing Educational Inclusion and Quality in South East Europe“ за да ги унапреди образовните можности и образовните резултати во земјите од Југоисточна Европа. Значаен дел од таа иницијатива е стекнување сеопфатни сознанија за нивото на вклученоста на родителите во училишниот живот, сфаќањата за вклученоста на родителите и директорите за ваквиот процес, како и актуелното ниво на вклученост на родителите во училишниот живот во основните училишта. Република Македонија е една од земјите вклучени во ова истражување и во овој труд ќе бидат изложени само сознанијата за оваа земја.

Истражувањето се одвиваше во неколку дела. Во првиот дел спроведено е истражување со повеќе директори од основните училишта во Република Македонија. Во тоа истражување беа вклучени директори на основните училишта. Податоците беа собрани преку фокус групи и прашалници зададени на директорите на 200 основни училишта во земјата. Главните заклучоци од тоа истражување укажуваат дека училиштата во Република Македонија не се доволно отворени кон родителите на децата што учат во нив. Директорите сметаат дека родителите се потребни само во воспитниот процес, а не и во

наставата, а и вината за малата вклученост на родителите во училишниот живот ја префрлаат на родителите истакнувајќи ја нивната презафатеност или незаинтересираност (Атанасов, 2008).

Вториот дел од истражувањето што е предмет на разгледување во овој труд е надополнување на претходните сознанија и оди во насока на расветлување на ставовите и искуствата и на родителите на децата од основните училишта и на директорите на основните училишта за вклученоста на родителите во училишниот живот. Главни цели на ова истражување се стекнување сознанија за различните начини на вклучување на родителите во училишниот живот; продлабочување на сознанијата за вклученоста на родителите и нивно поврзување со претходните наоди. Како дел од истражувањето беа реализирани фокус групи со родители, како и анкетирање на родители и директори од основните училишта во Република Македонија. Овој труд ќе ги презентира нивните гледишта.

Прво ќе бидат изложени досегашните сознанија за вклученоста на родителите во училишниот живот како и можностите за вклученоста на родителите на деца во основните училишта што законските рамки во земјата ги овозможуваат. Потоа ќе биде објаснета методологија на истражувањето, ќе бидат изложени добиените податоци и ќе бидат изведени заклучоци.

**Претходни истражувања и законска рамка**

Вклученоста на родителите во образованието е тема за која досега во Република Макеоднија има малку пишувано и тема во која има мал број реализирани активности. Според Стоилковска (2004) училиштата треба да бидат отворени за соработка со родителите и да користат различни форми на комуницирање со родителите и различни начини на вклучување на родителите во училишниот живот за да се постигне воспитно-образовниот процес во училиштата.

Потребата за поактивно вклучување на родителите во училишниот живот во основните училишта е нагласена во Националната Стратегија за Развој на Образованието 2005-2015 (Министерство за Образование и Наука, 2005) како и Концепцијата за Деветгодишно Основно Образование (2007) каде што за вклученоста на родителите во образованието е одвоен посебен дел. Во

Концепцијата се објаснува потребата и придобивките од соработката помеѓу училиштата и родителите и се даваат насоки како истата да се подобри.

Законската рамка во Република Македонија исто така, дава солидна основа за вклучување на родителите во училишниот живот. Според Законот за Основно Образование, родителите имаат право да бидат информирани за успехот на своето дете (Член 67), а и можности за вклучување во донесувањето на одлуките во основните училишта преку Советот на Родители (125) и Училишниот Одбор (Член 124). Советот на Родители има консултативна улога во голем број одлуки поврзани со училишниот живот, а Училишниот Одбор кој може да има 2-3 родители во својот состав со законските одредби има суштинска улога во функционирањето на училиштата.

Сепак, се чини дека можностите дадени со законската рамка многу ретко се суштински искористени. Постојат многу малку проекти и документирани активности за вклученоста на родителите во училишниот живот. Често ваквите активности се дел од други проекти. Еден таков пример е сеопфатниот водич низ основното образование за родителите (Ристевска и Ѓеорѓиевска, 2004) во кој значаен дел зазема делот за вклученоста на родителите во образованието со конкретни совети до родителите. Уште еден таков понов пример се советите и чек-листите за проверка на вклученоста на родителите во воспитно-образовниот процес во училиштата вклучени како дел од сеопфатниот прирачник за наставниците од основното образование издаде за потребите на Проектот за основно образование (Прентон & Јанкуловска, 2009).

Проектите и активностите што се реализирани (Горѓиевска, 2004, Ѓеорѓиевска 2004) покажуваат позитивни резултати што укажува на потребата од нивно натамошно проучување и промовирање. Исто така недостасуваат истражувања за ефектите на ваквите проекти и искуствата на родителите за нивното учество во училишниот живот.

Токму затоа истражувањето прикажано во овој труд дава значаен придонес кон разбирањето на сфаќањата на родителите и директорите за вклученоста на родителите во образованието. Ова истражување кое го расветлува ваквото значајно прашање како такво може да послужи како извор на податоци за понатамошни активности во основните училишта со цел подобрување на квалитетот на образованието преку вклучување на родителите во училишниот живот.

**Методологија на истражувањето**

Истражувањето за „Вклученоста на родителите во училишниот живот“ се одвиваше од Мај 2009 година до Декември 2009 година, во две фази.

Во првата фаза од истражувањето спроведени се вкупно 6 фокус групи со различни групи на родители на деца во основно образование. Различните групи на родители беа вклучени во истражувањето за да се добие покомплетна слика на искуствата и потребите на родителите во земјата. Една фокус група е спроведено со родители Македонци од урбани средини, во која беа вклучени родители од два различни града. Една фокус група е спроведена со родители Македонци од рурална средина, една со родители Македонци кои се членови на Совет на Родители и една фокус група е спроведена со родители Албанци. За да се согледаат искуствата на родителите од особено ранливите групи, како што се Ромите и родителите на деца со посебни потреби во истражувањето беа вклучени и по една фокус група со родители Роми и со родители на деца со посебни потреби.

Вториот дел на истражувањето се состоеше во анкетирање на неколку примероци на родители од целата земја и примерок на директори на основни училишта. Во анкетирањето се вклучени стратификувани случајни примероци со стратификација во однос на регионите во земјата и урбана/рурална средина. Примероците се случајно избрани од 200-те училишта што беа вклучени во првиот дел од истражувањето кое се однесуваше само на директори од основните училишта. Одбраните примероци се следниве: (1) родители на деца од основните училишта; (2) родители кои се членови на Совет на Родители или Училишен Одбор кои се случајно избрани од листа доставена во претходен контакт со училиштата од примерокот; (3) родители Роми од две училишта каде што вкупниот број на ученици Роми е прилично голем, но не поголем од 35% од вкупниот број на ученици. Притоа во истражувањето е вклучен и примерок на директори од училиштата од кои се извадени примероците на родители. Анкетирањето е извршено со задавање на прашалникот лице-в-лице на мајчиниот јазик на испитаниците Македонци и Албанци и на Македонски јазик за испитаниците Роми.

Во истражувањето беа опфатени вкупно 1164 родители и 32 директори. Бројот на родители испитаници според карактеристиките на примерокот е

прикажан во *Табела 1*, а бројот на испитаници директори според категориите на примерокот е прикажан во *Табела 2*.

*Табела 1.* Број на родители вклучени во истражување по регион и рурална/урбана средина

| | Родители | Совет на Родители/Училишен Одбор | Родители Роми | Совет на Родители/Училишен Одбор од училишта со родители Роми | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|
| **Регион** | | | | | |
| Скопје | 280 | 33 | 28 | 3 | 344 |
| Североисток | 213 | 26 | 33 | 5 | 277 |
| Северозапад | 228 | | 28 | | 256 |
| Југоисток | 56 | | 30 | | 106 |
| Југозапад | 141 | | 40 | | 181 |
| *Вкупно* | 938 | 59 | 159 | 8 | **1164** |
| **Рурална/ Урбана средина** | | | | | |
| Урбана | 599 | 59 | 73 | 8 | 739 |
| Рурална | 339 | | 86 | | 425 |
| *Вкупно* | 938 | 59 | 159 | 8 | **1164** |

*Табела 2.* Број на директори вклучени во истражување по регион и рурална/урбана средина

| | Директори на училишта | Директори на училишта со голем број ученици Роми | *Вкупно* |
|---|---|---|---|
| **Регион** | | | |
| Скопје | 6 | 1 | 7 |
| Североисток | 6 | 1 | 7 |
| Северозапад | 6 | | 6 |
| Југоисток | 5 | | 5 |
| Југозапад | 7 | | 7 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Вкупно* | 30 | 2 | **32** |
| **Рурална/ Урбана средина** | | | |
| Урбана | 15 | 2 | 17 |
| Рурална | 15 | 0 | 15 |
| *Вкупно* | 30 | 2 | **32** |

## Резултати од истражувањето

*Резултати од фокус групите*

Фокус групите со различни групи на родители беа спроведени со цел да се добие иницијална слика за перцепцијата на родителите и нивните искуства за нивната вклученост во училишниот живот. Резултатите од фокус групите укажаа на главните проблеми со кои родителите се соочуваат, а сознанијата од фокус групите беа искористени при составувањето на прашалниците за истражувањето.

Сознанијата од фокус групите укажуваат дека родителите имаат впечаток дека не се доволно вклучени во училишниот живот. Вклучувањето на родителите во училишниот живот е исто така повеќеаспектен проблем и е поврзан со начинот на организирање на образовниот систем во земјата, начинот на функционирање на училиштата, лидерскиот стил на директорите на училиштата како и мотивираноста на родителите за активно вклучување.

Родителите сметаат дека одлуките во образовниот систем се премногу централизирани што претставува пречка за нивно активно вклучување во училишниот живот. Голем дел од родителите дури сметаат дека политичките влијанија при донесувањето одлуки во училиштата е голема пречка за нивно вклучување во училишниот живот.

Најбитната асоцијација што родителите ја имаат во врска со нивното вклучување во училишниот живот е помагање со домашните задачи на нивните деца и дисциплинирањето на децата. Дури и самото споменување на поимот вклучување на родителите во училишниот живот ја будеше ваквата асоцијација и тоа беше првото нешто за кое родителите зборуваа како пример за нивна вклученост во училишниот живот.

Генерално родителите се задоволни од соработката со наставничкиот кадар во училиштата меѓутоа таквата соработка повторно се поврзува само со успехот и дисциплината на нивните деца, а многу малку со други видови на родителска партиципација во училишниот живот. Комуникацијата на родителите со стручната служба во училиштата е многу ретка и главно се одвива во насока на решавање на одредени проблеми поврзани со нивните деца.

Родителите исто така изјавуваат дека би сакале да бидат повеќе вклучени во училишниот живот, но потребни им се дополнителна мотивација, вештини и информации како точно тоа треба да го сторат. Недостатокот на информираност на родителите во врска во телата во училиштето каде што родителите би можеле да се вклучат, како на пример Советот на Родители е тоа што поголемиот дел од родителите го гледаат ова тело како одлучувачко тело, а само оние родители што се дел од ова тело знаат дека истото има само советодавна улога.

Главниот извор на мотивација за поголема вклученост на родителите во училишниот живот е потребата за подобрување на образовното искуство на нивните деца, а како главна пречка ги издвојуваат недостатокот на време и интерес за вклучување.

Како посебна група на родителите кои имаат поголеми пречки при вклучувањето во училишниот живот се издвојуваат родителите Роми кои сеуште се соочуваат со надминување на пречките во комуникација со училиштата. Проблемите на родителите Роми треба да се разгледуваат имајќи ги во предвид пречките со кои се соочуваат децата и родителите Роми при обезбедувањето пристап до училиште и социјалниот живот во земјата. Слични проблеми со обезбедување поддршка на нивните деца при школувањето во редовни училишта се соочуваат родителите на деца со посебни потреби.

*Резултати од анкетирањето*

*Искуства и мислења на родителите и директорите за вклученоста на родителите во училишниот живот*

Во сеопфатниот прашалник со кој беа опфатени родителите и директорите одгатнати се поголем број на прашања поврзани со вклученоста на родителите во различни аспекти од училишниот живот и животот на учениците. Родителите и директорите беа запрашани за тоа колку училиштето ги вклучува родителите во училишниот живот на нивните деца, колку често ги информира за тоа што се случува на нивните деца, како и за тоа колку често училиштето ги вклучува родителите во организирање на одредени настани и донесување на одлуки поврзани со функционирањето на училиштето. *Графиците 1* и *2* ги покажуваат мислењата на родителите и директорите во врска со комуникацијата помеѓу родителите и училиштето во врска со информирањето на родителите за настаните во училиштето и училишниот живот на децата.

*График 1.* Колку често училиштето ги кани родителите на групни или индивидуални родителски состаноци и индивидуални состаноци за разговори околу образованието на детето, искажано во проценти




Она што може да се забележи од *График 1* е дека родителите многу помалку се сеќаваат дека биле поканети на родителите состаноци повеќе од три пати во изминатата година (56%), а уште помалку се сеќаваат дека биле

поканети на индивидуални состаноци да разговараат за нивното дете (9%) за разлика од директорите од кои повеќето (94%) сметаат дека родителите биле поканети на родителски состаноци повеќе од три пати и на индивидуални состаноци (53%) повеќе од три пати. Она што е значајно да се спомне е дека родителите сметаат дека ваквиот начин на комуникација со училиштата би требало да биде пракса (92,3% одговориле да за родителски состаноци, а 19% одговориле веројатно да и 70% да за индивидуални состаноци).

*График 2.* Колку често училиштето испраќа повратна пишана информација до родителите за напредување на детето, помош околу учењето, училишен весник, информирање за различни нешта (како на пример здравје, насилство, дрога и слично), искажано во проценти




Истражувањето го разгледува и пишаното информирањето на родителите за различни нешта од страна на училиштето. Од *Графикот 2* се гледа дека и родителите и директорите изјавуваат дека родителите прилично ретко добиваат пишани информации од училиштата. Единствените пишани информации за кои родителите изјавуваат дека ги добиваат почесто (32% 2-3 пати годишно и 32% повеќе од три пати годишно) се пишаните информации за напредокот на детето. Истовремено 72% од директорите изјавуваат дека училиштата повеќе од три пати испратиле пишана информација за напредокот на децата до родителите. Ваквите искуства не се зачудувачки ако се земе во предвид законската обврска на училиштата писмено да ги информираат родителите за успехот на нивните

деца (Член 67, Закон за Основно Образование). Она што е загрижувачки е дека многу мал процент на родители изјавуваат дека воопшто некогаш добиле друг вид на пишани информации од страна на училиштата. Малку поголеми се процентите на директорите што изјавиле дека училиштата праќаат пишани информации до родителите, но сепак и тие проценти се многу ниски. Сепак голем процент од родителите сметаат дека би било навистина корисни доколку добиваат различни видови на пишани информации за нивното дете и за училишниот живот. Имено, кога се работи за пишаните информации за напредокот на детето 84% од родителите сметаат дека би требало да добиваат такви информации од училиштата. Истовремено 25% од родителите сметаат дека веројатно би требало да добиваат информации кои би им нуделе совети за помош на децата при учењето, информации за училиштето и слично, а 57% сметаат дека училиштето треба да им испраќа таков вид на информации. Кога се работи за добивање на информации преку училишни весници 26% од родителите изјавуваат дека училиштата веројатно би требало да испраќаат таков вид на информации до родителите, а 52% сметаат дека тоа би требало да биде пракса на училиштата. Мнозинството од родителите (78%) исто така смета дека училиштата би требало писмено да ги информираат родителите се многу други прашања како што се здравјето, насилството, дрогата и слично. Од податоците може да се заклучи дека родителите сметаат дека ваквиот вид на информирање би требало да биде многу позачестен од она што во моментов се е пракса во комуникацијата помеѓу училиштата и родителите.

Родителите исто така може да дадат значаен придонес во олеснување на организацијата на различни настани и активности на училиштето доколку како волонтери активно се вклучат во организирање на различни активности. Со самото нивно вклучување ќе се подобри комуникацијата помеѓу училиштето и родителите и квалитетот на училишниот живот на децата (Стоилковска, 2004). Сепак од *График 3* се гледа дека училишта и родителите во моментов многу малку ги користат можностите за волонтерско вклучување на родителите во училишниот живот. Она што е исто така значајно е дека родителите, барем според нивните изјави, тогаш кога тоа од нив е побарано се вклучуваат во активности поврзани со подобрување на училишната инфраструктура и организирањето на различни настани, а многу помалку во придружните активности на училиштето и самата настава. Од оние родители што биле

поканети да помогнат во одржување на училишната инфраструктура 45% изјавиле дека помогнале секогаш кога за тоа биле запрашани од училиштето, а 29% еднаш. Од родителите поканети да помогнат во организирање на различни настани 47% проценти изјавиле дека помогнале секогаш кога за тоа биле запрашани, а 33% еднаш. Помал процент на родители изјавиле дека помагаат кога ќе бидат замолени да пружат помош во врска со организирање на наставни активности (22% секогаш, 20% во повеќето случаи, 35% еднаш и 22% ниеднаш) и во врска со помагањето во училишните услужни дејности како на пример библиотеката, училишното игралиште и слично (32% помагаат секогаш, 16% во повеќето случаи, 31% еднаш и 21% ниеднаш). Разбирлива е подготвеноста на родителите да се вклучат во подобрување на училишната инфраструктура ако се земат во предвид лошите инфраструктури услови во голем дел од училиштата во земјава. Исто така родителите како прифатлива форма на вклучување ги издвојуваат и спортските и културните настани што исто така беше истакнато и во фокус групите со родители. Она што е битно да се истакне е дека таквите настани во фокус групите беа истакнати и како дополнителен извор на приходи а подобрување на условите во училиштето, пред се на инфраструктурата, што е поголем поттик на родителите да се вклучат во такви активности.

*График 3*. Вклучување на родителите на волонтерска база во помагање на училиштето во различни аспекти од организација на училишниот живот во проценти



Сепак родителите, а и директорите се многу поделени во нивните проценки за тоа колку училиштата би требало да ги вклучуваат во такви активности, како што може да се види од *График 4.* Помалку од 50% од родителите и директорите сметаат дека родителите сигурно би требало да бидат вклучени во волонтерски активности од различна природа, а голем дел од родителите (40%) сметаат и дека не би требало да волонтираат во активности поврзани со инфраструктурата на училиштата. Ако се спореди подготвеноста на родителите да се вклучат во помагање на активности поврзани со инфраструктурата и нивното мислење дека училиштата не би требало да ги повикуваат за таква помош се поставува прашањето зошто всушност родителите се вклучуваат во таквите активности, на што може да се претпостави дека одговорот лежи во подобрувањето на условите за нивните деца што според нив не би требало да е нивна грижа туку грижа на образовниот систем. Исто така, останува отворено прашањето зошто училиштата и родителите многу малку ги користат можностите за здружување на силите во подобрување на работата на училиштата и се и многу малку подготвени за здружување на силите во реализирање на различни активности поврзани со училишниот живот.

*График 4.* Одговори на прашањето дали училиштата би требало да бараат од родителите да се вклучат во волонтерски активности во различни аспекти од училишниот живот во проценти




Она што е исто така битно за организирање на работата во училиштето е донесувањето одлуки за различни аспекти од училишниот живот. Токму затоа значаен дел од прашалникот и за родителите и за директорите беше наменет на

вклучувањето на родителите во донесувањето одлуки. *Табелата 3* ги илустрира наодите добиени од прашалникот за родители во врска со овие важни прашања. Она што е многу впечатливо е дека родителите изјавуваат дека се многу малку вклучени во процесите на одлучување во училиштата. Од друга страна директорите многу повеќе изјавуваат дека ги вклучуваат родителите во процесите на донесување одлуки.

*Табела 3*. Учество на родителите во донесување одлуки

| | | Родители | Директори |
|---|---|---|---|
| Управување со училишни финансии | Никогаш | 89% | 42% |
| | Еднаш | 5% | 6% |
| | 2-3 пати | 4% | 32% |
| | Повеќе од 3 пати | 2% | 19% |
| | | | |
| Мислење за вон-наставни активности | Никогаш | 72% | 26% |
| | Еднаш | 15% | 19% |
| | 2-3 пати | 10% | 35% |
| | Повеќе од 3 пати | 2% | 19% |
| | | | |
| Организација на настани во училиштето | Никогаш | 52% | 6% |
| | Еднаш | 21% | 16% |
| | 2-3 пати | 21% | 44% |
| | Повеќе од 3 пати | 5% | 34% |
| | | | |
| Прашања за здравје и безбедност | Никогаш | 58% | 22% |
| | Еднаш | 20% | 22% |
| | 2-3 пати | 16% | 28% |
| | Повеќе од 3 пати | 6% | 28% |
| | | | |
| Целокупно управување со училиштето | Никогаш | 85% | 53% |
| | Еднаш | 8% | 31% |
| | 2-3 пати | 5% | 9% |
| | Повеќе од 3 пати | 2% | 6% |
| | | | |
| Образовни теми | Никогаш | 80% | 29% |
| | Еднаш | 11% | 19% |
| | 2-3 пати | 7% | 42% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Повеќе од 3 пати | 2% | 10% |
| | | | |
| Дисциплина | Никогаш | 62% | 12% |
| | Еднаш | 16% | 2% |
| | 2-3 пати | 17% | 47% |
| | Повеќе од 3 пати | 5% | 38% |

Сепак оние родители што биле вклучени во донесувањето одлуки за финансискиот менаџмент на училиштето во голема мерка го дале своето мислење секогаш кога тоа од нив се барало (52%) и според родителите училиштето во голема мерка (48%) или потполно (32%) го уважило нивното мислење. Кога се работи за вон-наставните активности голем дел од родителите што биле прашани за мислење го дале своето мислење секогаш кога тоа од нив било побарано (45%), а училиштето во голема мерка истото го уважило (47%). Родителите исто така го дале своето мислење секогаш кога тоа од нив било побарано (55%), а училиштето во голема мерка истото го уважило (48%) за организирање на различни настани. Значителен процент од родителите што биле вклучени во донесувањето одлуки за прашања поврзани со здравјето и безбедноста секогаш го кажуваат своето мислење (48%), а училиштата истото го уважуваат во голема мерка (44%) или потполно (33%). Исто така родителите што изјавиле дека биле прашани за целокупното управување со училиштето во 43% од случаите своето мислење го искажале секојпат кога а тоа биле прашани, но училиштето истото го уважило во мала мерка (42%) или умерено (37%). Кога се работи за организирање на наставата 43% од родителите секогаш кога за тоа биле прашани го изложиле своето мислење, а училиштата во голема мерка истото го изложиле во 49% од случаите. И на крајот родителите што биле прашани за мислење во врска со прашања поврзани со дисциплината често го изложиле своето мислење (53% секогаш го изложуваат своето мислење) и истото е во голема мерка прифатено од училиштата во 49% од случаите. Сепак се забележува дека во многу мал број случаи бројот на уважени мислења не надминува 50%, што би можело да ги обесхрабри родителите, доколку дел од нив почнат да сметаат дека искажувањето на мислењето е залудно ако не биде уважено. Кога на тоа ќе се додаде и малиот процент на родители што некогаш воопшто биле вклучени во донесувањето на одлуки може да се заклучи дека

родителите се многу малку суштински вклучени во донесувањето одлуки за училишниот живот.

Дополнителните прашања за донесување одлуки во училиштата исто така укажуваат дека родителите се поделени во врска со потребите да бидат вклучени во донесувањето одлуки за училишниот живот. Како што може да се види од *Графикот 5* значителен процент на анкетираните родители сметаат дека училиштата би требало да ги вклучуваат во донесување одлуки поврзани со здравјето и безбедноста на учениците (64%), организацијата на различни настани (61%) и прашања поврзани со дисциплината на учениците (59%). Од друга страна пак резултатите прикажани на *График 5* укажуваат дека директорите барем декларативно се поотворени кон вклучување на родителите во донесување одлуки во училиштата. Темите за кои и директорите и родителите се поделени помеѓу вклучување на родителите и невклучување на родителите се прашањата за финансиското работење на училиштата.

*График 5.* Дали родителите и директорите сметаат дека родителите треба да бидат вклучени во донесувањето одлуки за училишниот живот.




Од друга страна дури 83% од родителите изјавиле дека некогаш не се обиделе да влијаат преку жалби за други деца или пак за оценки. Исто така 84% од родителите изјавиле дека никогаш не се обиделе да се вклучат самоиницијативно во училишниот живот и да иницираат одредени одлуки во училиштата, без покана од самите училишта.

Овие наоди укажуваат на многу важни празнини во организирањето на училишниот живот во нашата земја. Имено од донесувањето на одлуки за одредени активности понатаму зависи и подготвеноста на родителите за вклучување во одредени активности а и чувство на припадност кон училиштето и пријатност од вклученоста во училишниот живот (Стоилковска, 2004).

Она што е исто така индикативно е што родителите во моментов сметаат дека нивното активно вклучување во различни аспекти од училишниот живот може да влијае позитивни врз училишното искуство на нивните деца, како што е видливо во *График 6.* Од тука може да се заклучи дека на родителите во моментов им е многу важно да бидат информирање за училишниот живот на нивните деца затоа што придобивките од транспарентноста и информираноста лесно може да ги согледаат. Она што е исто така забележливо е дека помал процент на родителите одлучно изјавуваат дека вклучувањето во најразлични волонтерски активности и процесите на донесување одлуки може да им помогне на нивните деца, но сепак процентот на оние родители што сметаат дека волонтирањето и вклучувањето во донесување одлуки веројатно ќе има позитивни ефекти за нивните деца е навистина висок.

*График 6.* Дали родителите сметаат дека одреден вид на нивно вклучување во училишниот живот може да им помогне на нивните деца.



*Искуства на родителите Роми*

Како посебна група на родители што се дел од особено ранливи групи во истражувањето беа опфатени и родителите Роми. Она што може да се заклучи од добиените податоци е дека овие родители сеуште се борат со обезбедување на основните предуслови за успех на нивните деца на училиште. Иако овие родители изјавуваат дека добро го зборуваат јазикот кој се употребува во училиштето (88%) и дека нивните деца добро го знаат истиот јазик (89% изјавиле дека нивните деца добро го зборуваат јазикот), нивните деца сеуште се соочуваат со проблеми во совладувањето на училишните обврски. Имено запрашани дали на нивните деца им е потешко да ги совладуваат училишните обврски во споредба со другите деца 36% одговориле потврдно, 57% изјавиле дека им е исто, а само 7% дека им е полесно. Како причини за тоа се наведуваат: навреди и отфрлања, дискриминацијата, лошата финансиска состојба и слично, што во голема мерка ги потврдуваат наодите од фокус групите каде што исто така беа истакнати овие причини. Од друга страна пак родителите Роми сметаат дека нивните деца во домашната средина може да учат исто како и нивните врсници од мнозинската група. Она што училиштата сеуште не им го нудат во доволна мерка на децата Роми според родителите е дополнителна помош од било каква природа на нивните деца, при што таквото мислење го делат дури 81% од испитаниците Роми. Токму затоа 84% од родителите сметаат дека училиштата би требало повеќе да им помагаат на нивните деца.

*Искуства на родителите кои се дел од Совет на Родители и Училишен Одбор*

Во истражувањето како посебни примероци беа вклучени и родители што се членови на Советите на Родители или пак на Училишните Одбори. При тоа 78% беа претставници на Советите на Родители, а 22% на Училишните Одбори. Како што може да се види од *График 7* овие родители биле мотивирани да се вклучат во телата на училиштето за да ги преставуваат интересите на родителите и на децата, а најмалку им било битно убедувањето да ја прифатат таквата улога или користа што од тоа може да ја има нивното дете. Ваквите наоди се компатибилни со наодите добиени од фокус групите со родителите каде што најчеста изјава за мотивација на родителите за вклучување во училишниот

живот или прифаќање да се биде претставник на родителите беше: „Да им помогнеме на нашите деца“ и „ Да ги направиме нештата подобри за нашите деца“.

*График 7.* Мотивација да се биде претставник на родителите




Претставниците на родителите исто така изјавуваат дека според нив другите родители сметаат дека тие ефикасно ги претставуваат родителите и нивните грижи (66% потполно се сложуваат со ваквата изјава). Другите родители иако се малку покритични кон претставниците на родителите сепак сметаат дека претставниците на родителите се ефикасни во застапување на нивните интереси (37% се сложуваат и 29% потполно се сложуваат со таквата изјава).

Она што е битно да се забележи, како што е прикажано во *График 8* е дека самите претставници на родителите својот придонес го оценуваат како умерен во најголем број на случаи за било различни прашања од училишниот живот. Претставниците на родителите сметаат дека најмногу придонеле за организација на училишни настани, решавање на проблеми со дисциплината, како и здравјето и безбедноста. Ваквите наоди се и очекувани со оглед на севкупната вклученост на родителите во училишниот живот. Истите аспекти беа исто така истакнати и во фокус групите, а особено беше истакнато дека во голем број училишта со поддршка од родителите се ангажирани агенции за

обезбедување за да се зголеми безбедноста на децата. Од друга страна пак претставниците на родителите имале најмал придонес имале во севкупниот менаџмент на училиштето и финансискиот менаџмент на училиштето што е и разбирливо ако се земе во предвид дека поголемиот дел од анкетираните родители се дел од Советите на Родители што имаат само советодавна улога во училиштата. Сепак загрижувачко е сознанието што дури и претставниците на родителите сметаат дека имаат мал придонес во училишниот живот. Ова упатува на заклучок дека во нашата земја се потребни активности за посуштинско вклучување на родителите во училишниот живот.

*График 8.* Придонес на претставниците на родителите кон различни аспекти на училишниот живот.




Уште позабележливо е што претставниците на родителите се уште покритички настроени кога го проценуваат влијанието на сите родители во училиштето. Имено 61% од нив сметаат дека родителите немаат никакво влијание во финансискиот менаџмент на училиштето, 36% сметаат дека родителите немаат никакво, а 25% сметаат дека родителите имаат мало влијание кога се работи за организирање на вон-наставните активности. Според нив родителите исто така имаат мало влијание кога се работи за организирање на наставата (56% изјавиле дека родителите немаат влијание) и севкупниот менаџмент на училиштето (54% изјавиле дека родителите немаат влијание). Според претставниците на родителите, сите родители во училиштето имаат малку поголемо влијание кога се во прашање организирањето на различни

настани (27% мало влијание и 35% умерено влијание) , прашањата поврзани со здравје и безбедност (25% мало влијание и 36% умерено влијание) и прашањата поврзани со дисциплината на учениците (25% мало влијание и 35% умерено влијание).

Ваквите наоди се сложуваат со мислењата што претставниците на родителите ги изјавија како дел од фокус групата. Според изјавите на родителите од фокус групите одлуките во македонскиот образовен систем во голема мерка се централизирани или пак се под влијание на градоначалниците. Како пример се следниве изјави: „Понекогаш се прашувам дали ние можеме...како индивидуи....дали можеме да смениме нешто или да направиме нешто...дури и ако сме членови на Советот на Родители или Училишниот Одбор...Се зависи од многу други фактори...Од Министерството и бирокатијата" и „Мислам дека во нашето училиште се сретнуваат со нас, слушаат, но не знаеме дали тоа ќе има некаков резултат...лошо е што тие не одговараат пред нас туку пред другото и затоа понекогаш не можат да ги почитуваат или да ги исполнат нашите барања, спроведуваат нечија политика. Директорите не одговараат пред Училишниот Одбор, тие одговараат пред Градоначалникот, директно нему без разлика што вели законот – дека директорите одговараат пред Училишниот Одбор – во реалноста тоа не е така".

*Мислења на родителите за различни аспекти од училишниот живот*

Запрашани за мислење за општите односи меѓу родителите и училиштето и отвореноста за взаемна соработка поголемиот дел од анкетираните родители сметаат дека и родителите и наставниот кадар и училиштето имаат доволно капацитети и подготвеност за взаемна соработка, како што може да се види од *Табела 4.* Слични резултати се добиени и при анкетирањето на директорите на истите прашања, што всушност дава надеж за вистинско вклучување на родителите во училишниот живот кога и двете засегнати страни ги проценуваат меѓусебните односи како добри и неконфликтни.

*Табела 4.* Мислења на родителите за подготвеноста за нивно вклучување во училишниот живот.

| | Воопшто не се сложувам | Генерално не се сложувам | Генерално се сложувам | Потполно се сложувам |
|---|---|---|---|---|
| Родителите не се заинтересирани да учествуваат во училишни активности | 47% | 23% | 22% | 8% |
| Родителите немаат време да се информираат за училишните активности | 48% | 23% | 21% | 7% |
| Родителите не знаат како да комуницираат со наставниот кадар | 60% | 25% | 12% | 3% |
| Наставниот кадар не е заинтересиран за комуникација со родителите | 61% | 24% | 10% | 4% |
| Наставниот кадар има премногу работа за да комуницира со родителите | 64% | 24% | 9% | 3% |
| Училиштето навистина нема капацитет за комуникација со сите родители | 67% | 22% | 8% | 3% |
| Родителите и училиштето обично се во судир | 64% | 19% | 12% | 4% |
| Наставниот кадар навистина не знае како да комуницира со родителите | 71% | 19% | 8% | 2% |

Родителите исто така сметаат дека одделенските раководители ги третираат со почит (93%), родителите може да разговараат со одделенските раководители за потребите на нивното дете (91%) и одделенските раководители ги слушаат родителите ако тие имаат потреба да разговараат за одредени проблеми на нивните деца (83%). Родителите исто така сметаат наставниот кадар ги разбира мислењата на родителите (76%). Исто така некој од семејството често го посетува училиштето (83%). Родителите ретко се среќаваат со директорите бидејќи директорите се зафатени (62%) и ретко се среќаваат со претставниците на стручната служба (75% се сретнале со нив само еднаш, а 25%

повеќе од три пати). Ваквите наоди повторно укажуваат дека родителите сепак се задоволни од училиштата и комуникацијата што ја имаат со наставниот кадар што е во согласност со наодите од фокус групите каде што повеќето родители изјавија дека имаат солидна и коректна комуникација со наставниот кадар на училиштата а поретко комуницираат со стручната служба и директорите.

Во истражувањето исто така беа вклучени и прашања за задоволството на родителите од случувањата во училиштето, можностите за влијание во училишниот живот, како и успехот и задоволството на нивните деца. Резултатите од овие прашања се дадени во *Табела 5.* Како што може да се види од табелата родителите сметаат дека училиштата им нудат можности на нивните деца за реализирање на потенцијалите, а и нивните деца се среќни и сигурни во училиштата. Она од што родителите се помалку задоволни е наставата, а најмалку се задоволни од можностите и начините за нивно вклучување во училишниот живот и нивото на влијание што го имаат.

*Табела 5.* Мислења на родителите за различни аспекти на училишниот живот.

| | Воопшто не се сложувам | Малку се сложувам | Многу се сложувам | Потполно се сложувам |
|---|---|---|---|---|
| Детето е среќно на училиште | 0,7% | 8,9% | 26,4% | 64% |
| Детето добро ги завршува училишните обврски | 1% | 7% | 28% | 64% |
| Детето ужива во другите аспекти на училиштето (покрај училишните обврски) | 0.9% | 12,2% | 24,2% | 62,8% |
| Детето ги реализира своите способности | 1% | 13% | 30% | 56% |
| Можам да добијам помош од училиштето за проблемите на моето дете (покрај академските проблеми) | 3% | 16% | 31% | 50% |
| Училиштето е сигурно место за моето дете | 5% | 16% | 34% | 45% |
| Наставата е со висок квалитет | 6% | 21% | 34% | 39% |
| Училиштето ме почитува | 2% | 8% | 34% | 56% |
| Јас сум задоволен/а со квалитетот и квантитетот на информации од | 5% | 25% | 34% | 36% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| училиштето | | | | |
| Јас сум задоволен/а со начините на вклучување во училишниот живот | 4% | 30% | 35% | 31% |
| Јас сум задоволен/а со можностите за влијание во начинот на образование на моето дете | 5% | 27% | 36% | 33% |
| Јас сум задоволен/а со начините за влијание во училиштето | 8% | 30% | 34% | 29% |

Ваквите наоди укажуваат на потребата од подобрување на можностите за вклучување на родителите во училишниот живот и влијанието што тие го имаат при донесувањето на одлуки во училиштата што всушност би требало да биде поттик за иницирање активности што тоа би го овозможиле.

Она што е исто така потребно е да се смени сфаќањето на улогите на родителите и училиштето во воспитувањето и образованието на децата. Имено она што Sheridan & Kratochwill (2007) го истакнуваат е дека училиштата и родителите би требало да изградат партнерски однос базиран на взаемна комуникација, споделени обврски и одговорности во воспитувањето и образованието на децата и организирањето на училишниот живот наспроти традиционалниот однос на поделени улоги помеѓу училиштето и родителите. Токму затоа ова истражување им постави прашања на родителите за испитување на нивното сфаќање на однос меѓу родителите и училиштата. Од одговорите може да се заклучи дека родителите во земјата се понаклонети на традиционалниот модел, при што родителите се задолжени за домашното опкружување на децата, а училиштата за организирање на наставата и многу малку има споделување на одговорноста за одгледувањето на децата меѓу училиштата и родителите. Имено родителите сметаат дека тие се одговорни за домашните задачи на децата (21% одговориле претежно родителите и 30% дефинитивно родителите) и дека тие знаат што е најдобро за нивното дете (17% одговориле тоа е повеќе работа на родителите и 37% одговориле тоа е дефинитивно работа на родителите). Од друга страна, училиштата се одговорни за организирање на добра настава (47% одговориле дека тоа е дефинитивно работа на училиштето и 21% одговориле дека тоа е повеќе работа на училиштето отколку на родителите), за организирање на вон-наставни активности (40% одговориле дека тоа е дефинитивно работа на училиштето и

20% дека тоа е повеќе работа на училиштето) и за обезбедување безбедност во училиштето (41% одговориле дека тоа е дефинитивно работа на училиштето, а 21% дека тоа е повеќе работа на училиштето отколку на родителите). Она што родителите го проценуваат како споделена одговорност и заедничка работа се: одгледувањето на среќни деца (72% споделена работа на училиштето и родителите), успешни деца (73% споделена работа на училиштето и родителите) и поттикнување на мотивација за учење (59% споделена работа на училиштето и родителите). Сето ова укажува на сознанието дека во земјата се потребни активности коишто ќе ги сменат традиционалните сфаќања за односите помеѓу родителите и училиштата.

**Заклучок**

Од добиените податоци од истражувањето може да се извлечат следниве заклучоци:

- Родителите не се доволно вклучени во училишниот живот. Тие ретко се информирани за различни аспекти од училишниот живот, ретко се поканети да волонтираат за потребите на подобро реализирање на активностите во училиштето и многу малку се вклучени во донесувањето на различни одлуки поврзани со функционирањето на училиштето.
- Директорите секогаш ја проценуваат вклученоста на повисоко ниво отколку што тоа го прават самите родители, што би можело да значи дека директорите сакаат да се прикажат себе си и училиштата во попозитивно светло отколку во реалноста. Исто така директорите барем декларативно се поотворени од родителите за вклучувањето на родителите во донесувањето одлуки.
- Од друга страна пак и тогаш кога се поканети да волонтираат и да се вклучат во различни активности во училиштето родителите не секогаш ја нудат помошта што училиштата од нив ја бараат. Исто така родителите изјавуваат дека не се обидуваат да влијаат врз нештата во училиштата. Ова би можело да значи дека е потребно подигање на свеста кај родителите од позитивните ефекти на нивното вклучување во

училишниот живот и придобивките што тие самите и нивните деца може да ги имаат од нивната поголема инволвираност во училишниот живот.

- Родителите и училиштата најчесто ги здружуваат силите при организирањето на одредени спортски и културни настани при што родителите често волонтираат, што се наметнува како сознание и од анкетирањето и од фокус групите. Сепак и родителите и директорите се поделени околу прашањето дали родителите би требало да волонтираат, што укажува дека и покрај одредени позитивни примери потребно е дополнително подигање на свеста и кај директорите и кај родителите за придобивките од ваквите активности и нивно поуспешно реализирање со што придобивките би станале повидливи.
- Училиштата ги исполнуваат законските обврски на информирање на родителите за успехот на нивните деца и свикуваат родителски состаноци, но во услови кога сите други аспекти на вклученоста на родителите се ниски се наметнува прашањето дали во моментов во нашата земја родителите и училиштата комуницираат претежно за академските достигнувања на децата и нивната дисциплина, наместо за можностите за потполно искористување и развивање на потенцијалите на децата.
- Дури и претставниците на родителите во училишните тела како што се Советот на Родители и Училишниот Одбор, сметаат дека имаат само умерено влијание во училишниот живот, а според нив општото влијание на родителите е многу мало. Како и кај другите родители и овие родители сметаат дека нивното влијание и вклученост е најголема при организирањето на различни настани, прашања поврзани со дисциплината и здравјето и безбедноста на учениците, а најмало е нивното влијание околу финансиското работење на училиштето.
- Родителите Роми сеуште се соочуваат со обезбедување на основните предуслови за успешен училишен живот на нивните деца, при што добиваат многу мала поддршка од училиштата.
- Родителите се свесни дека различните видови на нивно вклучување во училишниот живот може да им помогне на нивните деца, што

претставува добра основа за натамошен развој на активности што и фактички би ја подобриле нивната вклученост.

- И покрај слабата фактичка вклученост во училишниот живот родителите се сепак задоволни од комуникацијата со училиштата, сметаат дека нивните деца се среќни во училиштата и дека родителите имаат добра комуникација со наставниот кадар. Општата проценка е дека родителите се задоволни од успехот на нивните деца на училиштето, помалку се задоволни од наставата и наставните активности, а најмалку се задоволни од можностите за нивно вклучување во училишниот живот. Сепак односите со училиштата ги проценуваат како добри и неконфликти што создава добра основа за понатамошно градење на партнерски однос помеѓу училиштата и родителите.
- Родителите сеуште сметаат дека улогите на родителите и училиштата во одгледувањето на децата би требало да бидат поделени. При тоа родителите сметаат дека тие знаат што е најдобро за нивното дете и треба да бидат одговорни за домашните задачи како нивна грижа за училишниот живот на детето, а училиштата треба да се грижат за организирање на наставата и вон-наставните активности и обезбедување на безбедност на училиштето. Сепак според родителите среќните и задоволните деца се одгледуваат само со взаемни напори на училиштата и родителите.

Како општ заклучок што може да се извлече од првиот дел на истражувањето во кој без вклучени само директори на основните училишта и вториот дел во кој беа вклучени и родители и директори е дека вклученоста на родителите во училишниот живот е незначителна. Иако постојат одредени законски регулативи што даваат можност за вклучување на родителите во училишниот живот, таквите можности се недоволно искористени во пракса. И родителите и директорите укажуваат дека родителите не се доволно вклучени во училишниот живот на децата во основните училишта, но наодите од двете фази укажуваат дека и родителите и директорите сеуште сметаат дека родителите би требало да бидат вклучени во различни аспекти од воспитно-образовниот процес. При тоа распространето е сфаќањето дека родителите се

потребни во воспитувањето на децата и помагањето околу домашните задачи, а училиштата се одговорни за наставата и вон-наставните активности. Она што е особено важно да се нагласи е дека во двете фази на истражувањето се потврдува наодот за ниската вклученост на родителите во процесите на одлучување што е случај дури и со оние родители што се членови на Советите на Родители и Училишни Одбори.

Наодите од вториот дел на истражувањето во кое беа вклучени родителите и директорите укажува на одредена дискрепанца помеѓу родителите и директорите за вклученоста на родителите во училишниот живот, но и посочува дека постојат одредени аспекти од училишниот живот каде што има одреден степен на взаемна соработка како што се организирање на различни настани. Задоволството е взаемните односи што родителите го искажуваат исто така дава надеж дека активностите што би биле иницирани во иднина би можеле полесно да се реализираат.

Општата препорака што може да се издвои од истражувањето е дека на полето на вклучување на родителите во училишниот живот во Република Македонија потребно е иницирање на активности со кои би се овозможило суштинско вклучување на родителите во училишниот живот.

Како предуслови за ваквото суштинско вклучување потребно е подигање на свеста кај менаџментот на училиштата за тоа што всушност значи вистинското, а не само декларативното и површинското вклучување на родителите, како и придобивките од таквото вклучување на родителите. При тоа многу е важно да се подигне свеста на раководниот и наставничкиот кадар на училиштата за значењето и суштината на градењето на родителско-училишни партнерства и придобивките од таквиот начин на сфаќање на училишниот живот и функционирање на училиштата. Како помош при креирањето на таквите програми би можеле да послужат понатамошни истражувања насочени кон откривање на причините за слабата вклученост на родителите во училишниот живот.

Исто така во образовниот систем би требало да се создадат поголеми услови за вистинска вклученост на родителите во училишниот живот со правилно користење на придобивките од децентрализацијата и пренесување на дел од одлучувањето на локално и училишно ниво, со што училиштата би се отвориле кон локалната заедница. Со тоа би се создале услови за вистинска

вклученост на родителите во училишниот живот и би можело да се понуди вистинска помош на оние на кои таа им е најпотребна, а тоа се маргинализираните групи.

Во исто време би требало да се одвиваат и системски активности за информирање на родителите за придобивките од нивно активно учество во училишниот живот. Ваквиот начин на едуцирање на родителите би требало исто така да се движи во насока на промовирање на родителско-училишните партнерства и промовирање на сфаќањето на споделување на обврски на родителите и училиштата во воспитувањето и образованието на децата.

Ваквите активности би требало да се иницираат како продолжување на одредени позитивни примери од праксата, при што треба да се примени локализиран пристап во креирањето на програмите за да се одговори на индивидуализираните потреби на родителите и училиштата. При тоа одредени позитивни примери што веќе постојат или биле реализирани треба внимателно да се разгледаат, да се извлечат поуки што би можеле да послужат како база за развивање на други активности и проширување на активностите со одредени измени и на други места.

Како крајна цел на севкупните активности би требало да се развијат вистински родителско-училишни партнерства што ќе резултираат со подобри воспитно-образовни резултати, позадоволни родители и наставен кадар и посреќни и поуспешни деца.

**Листа на референци:**

Атанасов, П. (2008) *Вклученоста на родителите во образованието во Македонија: „Алката што недостига“*. http://www.see-educoop.net/aeiq/reports/macedonia_report.pdf. (23 Март 2010).

Azzam, A. (2009) Getting parents and a system on board, *Educational leadership,* April, pp. 92-93.

Биро за Развој на Образованието (2007) *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование.* http://www.bro.gov.mk/devetgodisno/Koncepcija_po_javna_rasprava_so_izmeni_i_doplnuvanja.pdf (23 Март 2010).

Catholic Relief Services. (2006). The CRS parent-school partnership program evaluation case study: participants' perceptions of change in Bosnia-Herzegovina and Kosovo. Catholic Relief Services - Europe/Middle East Regional Office. http://crs.org/education/pubs/Edu200702_e.pdf. (23 March 2010).

Gunnarsson, L., Orazem, P., Sanchez, M., & Verdisco, A. (2004). Does school decentralization raise student outcomes? Theory and evidence on the roles of school autonomy and community participation. (Working Paper #04005). Ames, Ia.: Iowa State University.

Горѓиевска, Г. (2004) „Родителско-училишна соработка – клуч за унапредување на квалитетот на образованието", *Образовни рефлексии*, 3-4, стр. 49-54. http://www.bro.gov.mk/novbroj/Broj%203i4%20od%202004.pdf (23 Март 2010).

Ѓеорѓиевска, Г. (2004) *Зајакнување на граѓанското општество и поттикнување на партнерства преку програмите за граѓанско образование.* Скопје: Католички Служби за Помош. http://www.mcgo.org.mk/1-CRS-studija-makedonski.pdf (23 Март 2010).

Закон за Основно Образование, Службен Весник на Република Македонија, бр. 103/2008.

Koonce, D.A. & Harper, W.Jr. (2005) Engaging African American parents in the schools: A community-based consultation model, *Journal of educational and psychological consultation*, 16 (1&2), pp. 55-74.

Министерство за Образование и Наука (2005) *Национална Програма за Развој на Образованието во Република Македонија 2005-2015.* http://www.npro.edu.mk/dokumenti/strategija-en.pdf. (23 Март 2010).

Прентон, К. И Јанкуловска, С. (2009) *Настава и учење на 21-от век.* Скопје: Проект за основно образование.

Pang, I. & Watkins, D. (2000) Towards a psychological model of teacher-parent communication in Hong Kong primary schools, *Educational Studies,* 26 (2), pp. 141-163.

Ристевска, С. и Ѓеорѓиевска, Г. (2004) *Прирачник за родители на ученици од основното образование,* Скопје: Граѓанско образование- Пат кон граѓанско општество. http://www.mcgo.org.mk/priracnik%20za%20roditeli.pdf (23 Март, 2010).

Стоилковска. А (2004) „Преку партнерство со родителите до подобра училишта клима“, *Образовни рефлексии,* 3-4, стр. 44-48. http://www.bro.gov.mk/novbroj/Broj%203i4%20od%202004.pdf (23 Март 2010)

Sheridan, S.M. & Kratochwill, T. R. (2007) *Conjoint behavioral consultation: Promoting family-school connections and interventions*. (2nd edition). Springer.

Tett, T. (2001) Parents as problems or parents as people? Parental involvement programmes, schools and adult educators, *International journal of lifelong education,* 20 (3), pp. 188-198.

Turney, K & Kao, G. (2009) Barriers to school involvement: Are immigrant parents disadvantaged? *The journal of educational research*, 102 (4), pp. 257-271.